Број на Службен весник: 261/2021
Датум на објава на Службен весник: 26.11.2021
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.): /

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 26-а став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2021 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕТО, ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ЧЛЕНСТВОТО И РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНАТА РУРАЛНА МРЕЖА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ (ОКТОМВРИ 2022)
## (Службен весник на РСМ 261/21, 206/22 и 25/23)

**Член 1**

Со оваа уредба се уредува воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Национална рурална мрежа).

### Воспоставување на Националната рурална мрежа

**Член 2**

(1) Националната рурална мрежа се воспоставува за исполнување на следните цели:

- зголемување на вклученоста на заинтересираните страни во спроведувањето на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој;
- информирање на пошироката јавност и потенцијалните корисници за политиката за рурален развој и можностите за кофинансирање на проекти и
- поттикнување на иновации во земјоделството, производството на храна, шумарството и одрживиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони.

(2) Националната рурална мрежа дејствува во руралните средини, руралните заедници и руралните региони на територијата на Република Северна Македонија.

(3) Веб-страницата на Националната рурална мрежа е www.nmrr.mk.

**Организација на Националната рурална мрежа**

**Член 3**

Националната рурална мрежа е составена од:
- членови,
- Управен одбор и
- Секретаријат.

**Членови на Национална рурална мрежа**

**Член 4**

(1) Членови на Националната рурална мрежа се претставници од областа на земјоделството и руралниот развој, кои доброволно пристапиле на веб-страницата на Националната рурална мрежа со пополнување на формуларот за пристапување.

(2) Членови на Националната рурална мрежа можат да бидат:

- органи на државната управа поврзани со руралниот развој (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Министерство за култура, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Секретаријат за европски прашања, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Агенција за поттикнување на развојот во земјоделството);
- стручни установи во земјоделството, шумарството и руралниот развој и нивните организациони единици;
- единици на локална самоуправа;
- плански региони;
- регионални и локални агенции за рурален развој;
- земјоделски стопанства регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;
- научно-образовни институции од областа на земјоделството и руралниот развој и нивните организациони единици;
- здруженија и комори поврзани со земјоделството и руралниот развој;
- земјоделски задруги регистрирани во Регистарот на земјоделски задруги кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст: Министерството);
- локални акциски групи и
- други физички и правни лица чии активности се поврзани со земјоделството и руралниот развој.

(3) Членувањето во Националната рурална мрежа започнува со денот на приемот на пополнетиот формулар од страна на Секретаријатот на Националната рурална мрежа согласно ставот (1) на овој член.

(4) Списокот на членови на Националната рурална мрежа се ажурира до 31 јануари во тековната година за претходната година и е достапен и се чува во електронска форма на веб-страницата на Националната рурална мрежа.

(5) Од страна на членовите на Националната рурална мрежа се ажурираат податоците во списокот од ставот (4) на овој член и за истото го известуваат Секретаријатот од член 6 од оваа уредба по електронски пат за секоја промена на податоците од барањето за членство, заклучно со 31 декември во тековната година.

(6) Членството во Националната рурална мрежа престанува:

- со денот на доставување на барање за бришење од членството по електронски пат до

Министерството;

- -со стечај или ликвидација,
- -со престанок на активност/работа, односно престанок на постоењето на членот на Националната рурална мрежа и
- -доколку не постапи согласно ставот (5) од овој член.

**Член 5**

Членовите на Националната рурална мрежа се состануваат најмалку еднаш годишно во текот на секоја календарска година.

**Управен одбор на Национална рурална мрежа**

**Член 6**

(1) Управниот одбор на Националната рурална мрежа се состои од 13 членови.

(2)

Членови на Управниот одбор се:

- државен советник за рурален развој;
- раководител на Телото за управување со ИПАРД;
- раководител на Сектор за рурален развој при Министерството и
- десет претставници на членството.

(3) Државниот советник за рурален развој е претседател на Управниот одбор.(4) Членовите на Управниот одбор од став (2) алинеја 4 од овој член се избираат од страна на организациските форми од став (8) на овој член по претходно објавен повик за избирање на членови на Управниот одбор преку веб-страницата на Националната рурална мрежа.5) членовите на една организациска форма избираат свој претставник заради нивно застапување во Управниот одбор на Националната рурална мрежа и негов заменик од истата организациска форма, во случај на спреченост на претставникот за учество во работата на Управниот одбор на Националната рурална мрежа.

(6) Во случај кога одредена организациска форма од ставот (8) на овој член е претставена само со еден претставник, истиот станува член на Управниот одбор на Националната рурална мрежа.

(7) Бројот на членови на Управниот одбор на Националната рурална мрежа од секој вид на организациска форма од ставот (8) на овој член треба да биде претставен сразмерно на бројот на пријавените субјекти за секоја организациска

форма.
(8) Организациски форми кои членуваат во Националната рурална мрежа се:

- Јавен сектор;
- Правни лица;
- Граѓански сектор и
- Локални акциски групи (во натамошниот текст: ЛАГ).

(9) Членството во Управниот одбор на Националната рурална мрежа започнува со денот на назначувањето на членовите од ставот (2) алинеи 1, 2 и 3на овој член односно од денот на потврдата за избор на членови од страна на претседателот на Управниот одбор на Националната рурална мрежа за видовите организациски форми од ставот (8) од овој член и трае седум години или за периодот предвиден со Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој која е во сила.
(10) Членството во Управниот одбор на Националната рурална мрежа може да престане и пред неговото истекување во следниве случаи:
а) оправдани околности (смрт, правосилна пресуда за сторени кривични дела, по сопствено барање, промена на звањето и престанок на работен однос) и
б) најмалку 50% од членовите на организациската форма претставена со избраниот член во Управниот одбор на Националната рурална мрежа (споредлив со денот кога е поднесено барањето), поднесат барање до Управниот одбор на Националната рурална мрежа за промена на избраниот член. Со барањето за промена на избраниот член на Управниот одбор на Националната рурална мрежа, се доставува и изјава со образложение и потписи на најмалку 50% од членовите на организациската форма на Националната рурална мрежа.

**Член 7**

(1) Управниот одбор на Националната рурална мрежа работи согласно Деловник за работа изработен од страна на Секретаријатот на Националната рурална мрежа, усвоен од Управниот одбор на Националната рурална мрежа, а одобрен од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст министерот).
(2) Состаноци на Управниот одбор на Националната рурална мрежа се одржуваат најмалку два пати во текот на секоја календарска година.

## Секретаријат на Нацоионална рурална мрежа

**Член 8**

(1) Работата на Управниот одбор на Националната рурална мрежа ја организира Секретаријатот на Националната рурална мрежа.
(2) Секретаријатот на Националната рурална мрежа е составен од шест вработени административни службеници во Секторот за рурален развој при Министерството, назначени од страна на министерот.

## Работа на Националната рурална мрежа

### Член 9

Управниот одбор на Националната рурална мрежа врши:

- управување со работата на Националната рурална мрежа;
- усвојување на Деловник за работа на Управниот одбор на Националната рурална мрежа;
- поднесување на предлози до Министерството со цел да се подобри спроведувањето на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој и
- споделување на информации за мерките од Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој.

### Член 10

Секретаријатот на Националната рурална мрежа врши:

- водење евиденција на членството;
- изработување на Деловник за работа на Управниот одбор;
- известување на членовите за можност за доставување на предлог активности за Акцискиот план од членот 12 од оваа уредба;
- воспоставување и одржување на веб-страницата на Националната рурална мрежа;
- изработка на Акцискиот план од членот 12 од оваа уредба со годишен план за спроведување на истиот;
- изготвување на извештај за спроведувањето на Акцискиот план од член 12 од оваа уредба и годишниот план за спроведување на истиот и
- комуникација со Европската мрежа за рурален развој и нејзините членови и Националните рурални мрежи од други земји кои не се членки на Европската мрежа.

### Член 11

(1) Тематските работни групи се организираат во рамките на Националната рурална мрежа врз основа на заедничкиот интерес на засегнатите страни и во врска со спроведувањето на одделни мерки, подмерки и видови на активности од Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој.

(2) Тематските работни групи подготвуваат предлози до Управниот одбор на Националната рурална мрежа во врска со подобрување на спроведувањето на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој, за темата за која се основани.

(3) Членови на тематската работна група можат да бидат организациски форми кои се членови на Националната рурална мрежа, но и организациски форми кои не се членови на Националната рурална мрежа, со претходно пријавување до Секретаријатот на Националната рурална мрежа дека ќе присуствуваат на состанок на тематската работна група, при што пријавувањето се прави најдоцна пет дена пред одржувањето на состанокот на тематската работна група.

(4) За подготвување на предлог до Управниот одбор на Националната рурална мрежа во врска со спроведувањето на мерките за финансиска поддршка на ЛАГ, се формира посебна тематска работна група „LEADER”.

(5) Членовите на посебната тематска работна група „LEADER“ од став (4) на овој член може да бидат исклучиво ЛАГ, кои се регистрирани во Централниот регистер на Република Северна Македонија и запишани во евиденција на Министерството.

(6) Формирање на тематска работна група, освен за посебната тематска работна група од ставот (4) на овој член, може писмено да му предложат на претседателот на Управниот одбор на Националната рурална мрежа:

- најмалку 20% од членовите на Националната рурална мрежа од вкупниот број на членови на денот кога е испратено барањето за формирање на тематска работна група или
- најмалку 50% од членовите на Управниот одбор на Националната рурална мрежа.

(7) Заедно со писмениот предлог од ставот (6) на овој член, се доставуваат потпишани изјави на членовите на Националната рурална мрежа, односно членовите на Управниот одбор на Националната рурална мрежа кои предложиле формирање на тематска работна група.

**Член 12**

(1) Акцискиот план за Националната рурална мрежа се донесува од страна на министерот.

(2) Врз основа на Акцискиот план на Националната рурална мрежа, се подготвува годишниот план за спроведување на истиот.

(3) Активностите од годишниот план за спроведување на Акцискиот план ги спроведуваат:

- Секретаријатот на Националната рурална мрежа и
- членовите на Националната рурална мрежа.

**Член 13**

(1) Членовите на Националната рурална мрежа доставуваат предлог активности за Акцискиот план во период од 1 февруари до 31 март во тековната година, врз основа на претходно известување до членовите на Националната рурална мрежа од страна на Секретаријатот на Националната рурална мрежа. Предлозите се поднесуваат на формулар кој е достапен на веб-страницата на Националната рурална мрежа.

(2) Предлогот од ставот (1) на овој член содржи најмалку:

- наслов на предлог активноста;
- опис на предлог активноста;
- оправданост на предлог активноста;
- предложен буџет за реализација на предлог активноста и
- времетраење на предлог активноста (датум на започнување и датум на завршување).

(3) По приемот на сите доставени предлог активности, Секретаријатот на Националната рурална мрежа формира ранг-листа на доставени предлози според времето на доставување (датум, час, минута и секунда).

(4) По завршувањето на верификацијата на доставените предлог активности од страна на Секретаријатот на Националната рурална мрежа, од страна на претседателот на Управниот одбор на Националната рурална мрежа, се донесуваат:

- одлука за одобрување на активности и
- одлука за одбивање на активности.

(5) Одлуката за одобрување на активности од став (4) алинеја 1 на овој член се донесува за навремени, целосни и прифатливи предлог активности.

(6) Одлуката за одбивање на активности од став (4) алинеја 2 на овој член се донесува за ненавремени, нецелосни и неприфатливи предлог активности и за прифатливи предлог активности за кои нема доволно расположливи средства за поддршка.

(7) Членовите кои поднесуваат предлог активности, по поднесувањето може да поднесат и барање за повлекување на предлог активност со образложен основ врз основа на кој се повлекува предлог активноста. За поднесеното барање за повлекување, од страна на Секретаријатот на Националната рурална мрежа се издава потврда за повлекување на предлог активноста.

(8) Контролата на активностите на Националната рурална мрежа се врши од страна на Министерството.

**Член 14**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 40-10099/1
23 ноември 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.